МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# П Р Е Д Л О Г

## на Закон за прогласување на локалитетот "Плоче - Литотелми", за строг природен резерват

Скопје, Јуни 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 187 став 1 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/2004 14/2006 и 84/2007), Министерството за животна средина и просторно планирање е должно во рок од шест години од денот на отпочнувањето на примената на овој закон да изврши ревалоризација на заштитените подрачја, заштитени пред денот на отпочнувањето на примената на Законот за заштита на природата и да изготви нови акти за прогласување во согласност со одредбите на овој закон.

Согласно член 92 став 1 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07), строгите природни резервати се прогласуват за заштитено подрачје со закон.

За таа цел, Владата на Република Македонија на Сто дваесет и седмата седница, одржана на 29.01.2008 година донесе заклучок со кој ја усвои Информацијата за потребата од повторно прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за заштитено подрачје во категоријата строг природен резерват, ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за заштитено подрачје во категоријата строг природен резерват и го задоложи Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по Предлогот за повторно прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за строг природен резерват и да изработи предлог за донесување на Закон за прогласување на локалитетот Плоче - Литотелми за строг природен резерват со предлог Закон.

Врз основа на овој заклучок, на 04.03.2008 година во просториите на општината Кратово се одржа јавна расправа по повод Предлогот за повторно прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за строг природен резерват. Организатор на јавната расправа беше Министерството за животна средина и просторно планирање.

Согласно, член 66 став 1 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04 и 14/06) категоријата Строг природен резерват е прва категорија на заштитени подрачја.

Согласно член 68 став 1 од истиот закон Строг природен резерват е подрачје кое поради своите значајни или карактеристични екосистеми, геолошки или физичко-географски карактеристики и/или видови, како и изворно сочувана дивина, стекнува статус на природно наследство,

првенствено заради спроведување на научни истражувања или мониторинг на заштитата.

Согласно член 71 став 1 од Законот за заштита на природата, во строгиот природен резерват забрането е преземањето на други активности освен: заштита и контрола; студиски посети во функција на остварување на научно истражување; движење на луѓе по утврдени патеки во образовни цели и собирање на семе и семенски материјал (диви растенија, габи и животни заради научни истражувања), како и заради обновување на популациите на друго подрачје, на начин и период кој нема да предизвикаат нарушување на екосистемот .

Согласно член 71 став 2 од Законот за заштита на природата Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата издава дозволи за спроведување на мерки и активности за заштита на строгиот природен резерват.

Земајќи ги во предвид зоолошките карактеристики, кои се од исклучително значење, како и заклучокот од спроведената јавна расправа, неоспорно се наметнува заклучокот дека локалитетот " Плоче-Литотелми" ги исполнува сите критериуми да биде прогласен како Строг природен резерват.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Законот е спроведување на Законот за заштита на природата согласно кој спомениците на природата се прогласуваат за строг природен резерват.

Законот се заснова на следните начела:

- зачувување на автентичната состојба на природата, природните и други вредности;
- создавање на што поповолни услови за одржување, развој и унапредување на природните вредности;
- спречување на секакви дејствија со кои непосредно или посредно би можела да се измени состојбата и природниот развој на природните вредности;
- одржување и уредување на строгиот природен резерват, со цел заштита на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и природното наследство и
- регулирање на односот на човекот кон природата, заради зачувување на автентичната состојба на строгиот природен резерват.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведувањето на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со оглед на тоа што согласно Законот за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за строг природен резерват ќе управува Општина Кратово, истата ќе треба да обезбеди финансиски средства за спроведување на законот кои се однесуваат на обезбедување на чуварска служба, мониторинг итн.

**Предлог Законот за прогласување на локалитетот Плоче - Литотелми за строг природен резерват**

**Член 1**

Просторот на локалитетот Плоче-Литотелми се прогласува за Строг природен резерват.

**Член 2**

Назив на заштитеното подрачје е Строг природен резерват Плоче - Литотелми.

**Член 3**

Категорија на заштитено подрачје е Строг природен резерват.

**Член 4**

Границата на локалитетот Плоче – Литотелми започнува на одалеченост од 250 метри североисточно од возвишението Црвен Камен (804 метри), од патеката којашто води низ средишниот дел на карпестото плато. Оттука границата води на север, а потоа во североисточен правец по работ на отсекот, до местото кадешто тој се губи во теренот. Одовде границата продолжува на северозапад во должина од околу 200 метри, ја сече патеката што води за селото Карадак, а потоа остро свртува на југозапад и во тој правец се движи во должина од околу 600 метри. Потоа границата ја сече патеката што води за Пинџур Маала и продолжува на југоисток и во тој правец се води во должина од околу 700 метри и завршува на почетната точка, на стазата што води за селото Страцин. Вкупната површина на строгиот природен резерват Плоче-Литотелми изнесува 23,2 хектари.

**Член 5**

Надзор и заштитата на строгиот природен резерват Плоче-Литотелми го врши Министерството за животна средина и просторно планирање.

Управувањето на строгиот природен резерват Плоче-Литотелми му се доверува на Општина Кратово.

Во име на Општина Кратово управувањето ќе го врши градоначалникот на Општина Кратово.

**Член 6**

Заради остварување на заштитата на строгиот природен резерват Плоче-Литотелми, Општина Кратово , донесува план за управување и годишни програми за заштита на природата.

**Член 7**

Општината Кратово е должна да го чува , да се грижи и да го одржува строгиот природен резерват Плоче-Литотелми на начин и под услови утврдени со овој закон и со Законот за заштита на природа со кој особено се обезбедува :

- зачувување на живеалиштата, екосистемите и видовите во природна состојба;
- одржување на природно воспоставените еколошките процеси;
- одржување на генетските ресурси во динамична и еволутивна состојба;
- заштита на структурните пределски карактеристики;
- заштита на автентичната природа заради научни студии, мониторинг или образовни цели;
- заштитата на строгиот природен резерват преку подигање на јавната свест, а посебно во воспитно образовниот процес;
- ограничување на пристап на јавноста;
- спречување на штетни активности од физички и правни лица и други нарушувања во строгиот природен резерват, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата;

**Член 8**

Во строгиот природен резерват Плоче-Литотелми се востановуваат следните зони:

- Зона на строга заштита, и
- Заштитен појас.

**Член 9**

Во зоната на строга заштита може да се вршат научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на строгиот природен резерват.

Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита се врши мониторинг од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање -Управа за животна средина.

Во зоната на строга заштита Општината Кратово е должна да ги врши и превзема сите активности кои се предвидени со Планот за управување со заштитено подрачје - строг природен резерват Плоче-

Литотелми и Годишната програма за заштита на природата за строг природен резерват Плоче – Литотелми.

**Член 10**

Во заштитниот појас, Општината Кратово е должна да ги врши и превзема сите активности кои се предвидени со Планот за управување со заштитени подрачје - строг природен резерват Плоче-Литотелми и Годишната програма за заштита на природата за строг природен резерват Плоче – Литотелми.

**Член 11**

Планот за управување со заштитено подрачје - строг природен резерват Плоче-Литотелми и Годишната програма за заштита на природата за строг природен резерват Плоче – Литотелми Општина Кратово ќе ги донесе во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***Образложение***

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Локалитетот Плоче Литотелми се наоѓа на југозападните падини на планината Герман (1547 метри), во областа Средорек, на западниот раб на Славишко Поле кое има изглед на брановидно рамниште, со надморска висина која варира од 400 до 1000 метри.

Локалитетот Плоче-Литотелми припаѓа на регионалната геотектонска единица Српско - Македонска маса. До овој значаен објект на природата кој се наоѓа на надморска височина од 804 метри, се стигнува преку патот Куманово-Крива Паланка - с. Страцин. Од с. Страцин локалитетот е одалечен 1 км. во северозападен правец до кого води лесно пристапна пешака патека.

По својот геолошко-петрографски состав теренот на поширокото подрачје на локалитетот се одликува со доминација на андезити и игнинбрити од андезински состав.

Зарамнината над село Страцин го добила името Плочи, заради стеновитите блокови во вид на зарамнети плочи и грамади од мек туф, со квартерно плиоценска старост. Под дејство на атмосферските агенси настанати се најразлични вдлабнатини со специфична форма, големина и длабочина, чие дно е покриено со наслаги од суви лисја, еродирани делови

од стените и земја. Во науката, таквите природни вдлабнатини во камените стени се познати под називот литотелми (локви во камен). Рано напролет, литотелмите се исполнуваат со вода, како резултат на топењето на снегот и пролетните врнежи. Во поголемите  и подлабоките телми, водата се задржува подолг период, што овозможува  развиток  на соодветен жив свет во нив.

Од флористички аспект, ова подрачје опфаќа две основни заедници. Главното обележје на првата заедница го даваат два вида на даб: дабот благун и дабот цер, како и белиот габер. Поради антропозоогеното влијание, оваа заедница е прилично деградирана и најчесто е развиена во форма на шикара.

Втората карактеристична растителна заедница, се одликува со богатство на шумски, жбунести и зељести растителни видови. Во нејзиниот состав се регистрирани дури 24 дрвенести, жбунести и повеќе од 200 приземни растителни видови. Биомските карактеристики на истражуваното подрачје покажуваат припадност на субмедитерански биоми, главно на листопадни шуми и шибјаци од егејскиот субмедитеран и биоми од јужно-европските, претежно листопадни шуми од екотонско-викаријантски предели.

Основен белег на литотелмите како минијатурни акватични екосистеми, како поради диверзитетот, така и според уникатноста, го даваат фаунистичките претставници од безрбетниците (*Invertebrata*) и тоа од класата ракообразни (*Crustacea*). Од вкупно девет подкласи, три подкласи со свои претставници се застапени во литотелмите на локалитетот Плоче-Литотелми кај селото Страцин и тоа од жаброногите ракови (Branchiopoda), черупкари *(*Ostracoda) и веслоноги ракови (Copepoda). Од подкласата Branchiopoda од редот Anostraca (Вилински ракчиња) како доминантен елемент, заради кој локалитетот се предлага да се прогласи за строг природен резерват, претставува единствената (ендемична) балканска популација на видот *Tanymastix stagnalis*. Освен горе споменатиот, постои уште еден вид кој исто така е македонски ендемит, а припаѓа кон подкласата Ostracoda. Тоа е видот *Heterocypris hartwigi*. Од подкласата Copepoda како значаен фаунистички елемент кој е регистриран во литотелмите кај Страцин се издвојува циклопидната копепода (*Cyclops ankyrae).* Покрај погоре споменатите видови од класата Crustacea опишани се и бројни други видови чија присутност е забележана  како во локалитетот Страцин, така и во други делови ширум Европа.

По однос на претставниците од класите водоземци (Amphibia) и влекачи *(*Reptilia) на ова подрачје се простира транзициона зона помеѓу двата таксона од малиот мрморец на суспециско ниво (*Triturus vulgaris vulgaris* и *Triturus vulgaris graecus*). *Triturus karelinii arntzeni* исто така претставува Балкански ендемит.

Од влекачите големо внимание заслужува присуството на: Ридската желка (*Testudo hermani),* Грчката желка (*Testudo graeca)* и Големиот зелен гуштер *Lacerta trilineata.* Од претставителите на класата Птици (Aves) на овој локалитет  утврдено е присуство на 34 видови птици, што претставува

огромно богатство за едно изразито мало подрачје. Орнитофауната на локалитетот Плоче-Литотелми опфаќа 10,9% од македонската орнитофауна или 6,6% од целокупната европска орнитофауна. Од вкупно 34-те регистрирани птици на овој локалитет, девет се вклучени во Црвената книга на европските вертебрати. Селската ластовичка (*Hirundo rustica*), Грлицата (*Streptopelia turtur*), Обичното мало свраче (*Picus viridis*), Шумската чучулига (*Lullula arborea*), Црвеноглавото свраче (*Lanius senator*), Шареното свраче (*Lanius collurio*), Орфеевото коприварче (*Sylvia hortensis*), Црноглавата стрнарка (*Emberiza melanocephala*) и Ветрушката (*Falco tinnunculus*) се вклучени во листата на видови од посебен интерес за Европа.

Фауната на класата цицачи (Mammalia) на локалитетот Плоче-Литотелми опфаќа 24% од македонската фауна на цицачи или 10,3% од целокупната европска фауна на цицачи, вклучително и на морските претставници. Лилјакот Мал потковичар (*Rhinolophus hipposideros)* е вклучен во листата на глобално загрозени видови, додека видовите Големиот потковичар (*Rhinolophus ferrumequinum),* Долгокрилестиот лилјак *(Miniopterus schreibersi),* Волкот *(Canis lupus),* Дивата мачка (*Felis silvestris)* и Шарената куна *(Vormela peregusna)* се вклучени во Листата на видови од посебен интерес за Европа.

Со овој закон во строгиот природен резерват Плоче-Литотелми се востановуваат две зони:

- Зона на строга заштита и
- Заштитен појас

Во зоната на строга заштита се дозволуваат научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на строгиот природен резерват и заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита ќе врши мониторинг од страна на Управата за животна средина.

Согласно предлог-законот во зоната на строга заштита Општината Кратово ќе биде должна да ги врши и превзема сите активности кои се предвидени со Планот за управување со заштитено подрачје - строг природен резерват Плоче-Литотелми и Годишната програма за заштита на природата за строг природен резерват Плоче – Литотелми.

Во заштитниот појас, Општината Кратово ќе биде должна да ги врши и превзема сите активности кои се предвидени со Планот за управување со заштитени подрачје - строг природен резерват Плоче-Литотелми и Годишната програма за заштита на природата за строг природен резерват Плоче – Литотелми.

Со прогласувањето на Локалитетот Плоче Литотелми за строг природен резерват и ќе се постигне: зачувување на живеалиштата, екосистемите и видовите во природна состојба; одржување на природно воспоставените еколошките процеси; одржување на генетските ресурси во динамична и еволутивна состојба; заштита на структурните пределски карактеристики; заштита на автентичната природа заради научни студии, мониторинг или образовни цели; ограничување на пристап на јавноста; спречување на штетни активности од физички и правни лица и други

нарушувања во строгиот природен резерват, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и развој на природата и дрг

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА